МАКЕДОНСКИ

# ОСТЕН

ВЕСНИК ЗА ХУМОР И САТИРА • ГОДИНА II • БРОЈ 9 • НОЕМВРИ 2009 • 30 денари



37 СВЕТСКА ГАЛЕРИЈА НА КАРИКАТУРИ
МИРОСЛАВ ГЕОРГИЕВСКИ-МИРО
ПРВА НАГРАДА

## КАКОВ ЖИВОТ ЖИВЕЕМЕ, ТАКОВ ГРИП ДОБИВАМЕ.

ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ

# БРАНИТЕЛИ

**ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ**

Во сон ми доаѓаат пријателите. Оние кои паднаа во татковинската војна, кога го браневме секој камен од нашата земја. Сега со камења ги бранам своите права, фрлајќи камења на зградата на Министерството за одбрана, правда... Специјалците ме брка-ат и брзо ме фаќаат. Лесно им е – немам една нога, а едната рака до лактот ми е откината, кога иредентистите фрлија бомба на нашиот џип. Ме прашуваат: Како сум, што работам, како живеам? Помагаат ли другарите од Владата? Дали ја добив ветената помош од страна на поширoката општествена заедница? Прашуваат другарите, кои ми беа како браќа по крв до колена. Се потам, се превртувам во креветот како да сум во гроб. Ми бучи во главата, како последниот пат кога бев во џипот, а внатре расфрлани нозе, раце, офкања на ранетите другари... Ми се јавуваат сенките на дрогираните и брадосаните муџахедини кои за грст долари станаа ослободители. Јуришаат на мојата земја.

- Знаете другари, - им велам,- па и не е така лошо. (Морам да им се обраќам афирмативно, за да не ме сожалуваат). – Станот не го добив иако поминаа бајаги години, ама Водачот рече: Капка по капка – море. Цигла по цигла – палата. И ми доделија цигли за куќа. А при доделување на градежниот материјал дојдоа луѓето од државата, министерствата, општината, десетина новинари, пет ТВ-станици... Се јадеше и пиеше на моја сметка, честев за почетокот на изградбата на мојата куќа. И ден денес сум должен во селската продавница. Нормално е што работата на куќата се одолжи – со една рака бавно оди. А бавно оди бидејќи сум само со една нога. Со две најверојатно би одело побрзо. Така е кога човек мора се сам. Пензија? Во пензискиот фонд ми рекоа да донесам потврда дека немам една рака (ногата не ја ни забележаа). Да донесам двајца сведоци, и тоа по можност оние кои ја фрлија бомбата на џипот. Сигурно ќе доби еш. - ми рекоа. Сега чекам да добијам решение за пензија како воен инвалид. Исти онакви пензии кои што ги бараат и оние против кои се боревме. Додека да стигне пензијата побарав да ме примат на работа во Министерството за одбрана, како телефонист. Ме одбија. Велат дека тоа место, според политичката поделба, му припаѓа на партијата која е во коалиција со победникот на изборите. Партијата која го организираше рушењето на уставниот поредок на нашата земја! И плус – телефонист е стратешко место за безбедноста на Министерството за одбрана на нашата земја.

Жената не можам да ја вработам бидејќи имам третман на бранител на татковината и по тој основ добивам секакви привилегии. Вработувањето на жената би било преку леб погача. Децата не успеав да ги запишам на факултет бидејќи другите беа побрзи од мене, па како бранители на татковината добија дополнителни бодови за упишување. Не смеев да дадам пригововор! Тие другите беа членови на партијата на власт. А за време на спасување на земјата од иредентистите беа во Грција, Бугарија и останатите соседни земји. Велат – од страна поубаво се гледа. Медалите кои ги добивав на Олимпијадите на инвалиди, ги менував по продавниците за масло, шеќер, леб... За среќа, медали добивав на куп. Шампион сум во скок во далечина од една нога, иако со години тапкам во место; шампион во пливање грбно, иако немав грб да ме поттурне некој; победував во стрелање, и тоа во сите дисциплини, иако го имам промашено целиот живот...

А тие?! Моите мртви пријатели!! Седат околу креветот, шмркаат и солзи им течат по лицето, гледаат во мене и не веруваат во тоа што го слушаат. - Па ти поубаво ќе поминеше да беше со нас, проговори првиот, мојот бивш командант на четата. - Ние барем немаме никакви проблеми, промрморе вториот. Третиот не ни прозборе, бидејќи бомба му го имаше однесено долниот дел од вилицата. Оној без глава, обезглавениот, гледаше бледо како да е член на преговарачкиот тим на нашата земја.

- Знаеш брату наш, ми се обрати капетанот. - Ние заждедневме да те видиме во нашите редови. Би ти било подобро да ни дојдеш. И тоа што побргу, за да видиш што ти е живот без грижи. Налик на оној кој ни го ветуваа во социјализмот. Оној Титов... И онака, како што си со една рака, би бил писар кога играме табланет.

Пред да го напуштат мојот кошмарен сон, ми мавтаа со рацете и исчезнаа онака како што исчезнаа во последната војна. Оној обезглавениот отиде на сосем друга страна. Ама никој не се грижи за обезглавените! Обезглавените каде и да одат, стигнуваат на вистинското место. Тоа нашата пракса го покажа. Станав како споулавен. Кошулата во која спијам ми беше испотена од смртниот сон. Поканата од моите пријатели ми одѕвонуваше во мојата глава.

А јас?! Не можам да кренам раце на себе – немам раце. Не можам да скокнам во некој бунар – немам добар одраз и не можам добро да се залетам со една нога. Решив да ја чекам иднината. Иднината на нашата земја е во рацете и нозете на нашите живи другари.

А како работат нашите живи другари, брзо ќе одам кај моите другари. Да пишувам рецки на табланет, кога тука никој рецка не ми става.




**Кети РАДЕВСКА**

# ТОА ШТО НАРОДОТ Е НЕЗАДОВОЛЕН МОЖЕ ДА СЕ РЕШИ СО ЕДНА РАКА.

**Васил ТОЛЕВСКИ**



Јордан ПОП-ИЛИЕВ

# НА ГНИЛИ ШТИЦИ ГАЗАТ САМО ЛЕСНИТЕ.

Олга НОВАЧЕВА



Јордан ПОП ИЛИЕВ

# ДА ТЕ ПРАШАМ

**Дежурен виновник**
- Мислам дека Црвенковски е виновен и за ослепените Самоилови војници!
- Како?!
- Требало само да се јави на мобилен...
- Па тогаш немало мобилни?!
- И за тоа што немало мобилни крив е Црвенковски!

**Работно време**
- Веруваш ли дека во Владата работат 24/7?
- А кој не би изржал да работи 24 часа во тек на седум дена!

**Верник**
- Имам цврсти докази дека Горан Попов не е верник.
- И какви се тие докази?
- Не го свртe другиот образ откако капитенот Седловски му удри шлаканица!

**Робија**
- Можеш ли да поверуваш дека бившиот министер за здраство Владо Димов се терети за седумнаесет вработувања?
- Па ако во тек на својот мандат вработил само седумнаесет лица тогаш под итно треба да оди на робија!
- Зошто?!
- Затоа што им го расипува просекот на сите досегашни министри!

**Земјоделска**
- Чуствуваш ли дека има нешто земјоделско во оваа влада?
- И што е тоа земјоделско во оваа влада?
- Почнавме длабоко да забраздуваме!

**Цивил**
- Не мие јасно зошто Шаќири се прости од репрезентацијата во цивилка?
- За да му докаже на светот дека ке градиме цивилно општество!

**Помилување**
- Знаеш ли зошто кај нас не се избира жена за претседател?
- Зошто?
- Сите затвореници ќе поднесат молба за помилување!

**Пополнување**
- И директорот на фондот за здраство си поднесе оставка...
- Значи ке се пополни уште едно амбасадорско место!

**Решение**
- Тато еден ден кога че поласнам и кога че ме избелат за министел веднаш че поднесам оставка!
- Зошто?
- За да ме постават за амбасадол!

**Пацифизам**
- Не мие јасно зошто нашите купили стари и неупотребливи ракети?!
- За да докажат дека се пацифисти!

**Пат**
- Не мие јасно зошто владата се фали со пат долг само 860м?!
- Затоа што го избрала покусиот пат!

Миле ЃОРЃИЈОСКИ

# АПЧИЊА ЗА ЗДРАВИ

При продавање ветер и магла сеуште многумина очекуваат да добијат мед и млеко.

Од градскиот отпад и селскиот исплив не може да се гради иднина.

Вистината никако да успее да ги навлече чевлите навреме. Лагата секогаш е обуена.

Некогаш се бореа за бескласно, а сега за безгласно општество.

Ако за рајот што ни го ветувате треба прво да изумреме, оставете ни го пеколов во реалноста.

Драмите на народот редовно ги режираат политичарите.

Нити рецесијата не ни може ништо. Ние и понатаму сме во транзиција.

Колку помалку ја отвораш устата, толку помалку ќе бидеш гладен.

Држават е на сите граѓани кои немат подобро место за живеење.

**Георги ХАЏИ-ВАСКОВ**




**Миленко КОСАНОВИЌ**

# ГРАДИТЕЛИ И УРНУВАЧИ

**ТОДЕ БЛАЖЕВСКИ**

- Кога ние ќе дојдеме на власт ќе го урнеме сето тоа што ќе го изградите вие за време на вашето владеење! - се закануваше опозицијата на позицијата.
- Зошто? - запраша позицијата.
- Бидејќи сето тоа што вие го градите не е добро. - А пак ние - кога ќе дојдеме на власт, ќе го урнеме сето тоа што вие ќе го изградите за време на вашето владеење. - Зошто?! - со големо чудење запраша позицијата.- Бидејќи сето тоа што што ќе го изградите вие нема да биде добро.
- Е ама затоа кога ние повторно ќе дојдеме на власт, ќе го урнеме сето тоа што вие ќе го изградите за време на вашето владеење.
- Е тоа не ќе можете да го направите! - викна некој од народот што дотогаш немо следеше како се препираат позицијата и опозицијата.
- Зошто?- во еден глас запраша и позицијата и опозицијата.
- Бидејќи ќе немате ништо изградено за време на вашите мандати, па затоа ќе немате ниту што да уривате! - им одговори резигнирано гласот од народот.




**Шпиро РАДУЛОВИЌ**

# ПО СМЕНАТА, МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА ИЗЈАВИ: НЕМА ПРАВДА!

**Атанас КРЛЕВСКИ**

# ПАРЛАМЕНТАРНИ СКАКУЛЦИ

Активистката на руската организација за заштита на човековите права, Наталија Естемирова, промајдена е мртва во Грозни -Чеченија. Убиството го осуди целата меѓународна јавност. Наталија Естемирова се заблагодарува на меѓународната јавност за навремената реакција.

Во Србија полицијата успеа да фати преку 600 мафијаши и тоа на спиење. Кај нас ова не може да се случи. Нашите мафијаши од толку крадење немаат време - око да затворат.

Директорот на Зоолошката градина во Скопје, Анастас Петров спаси газ од сменување, откако една камила липсала затоа што се хранела со смоки и чипс! Што е виновен директорот?! Така и треба на Грбавата камила. Не смеела да им ја јаде храната на вработените, кои имаат плати колку да се хранат само со смоки и чипс?!

Јоргос Папандреу има намера да ги одмрзне односите со владата во нашата земја! Да види човек - да не верува. За почеток Грците најавија огромен влез на нивни капитал, кој ќе се инвестира во, (нема да верувате), фабрика за ладилници и фрижидери. Колку да не ни се расипат односите, речиси да не скапат!

После долго одолговлекувани тужења, владата ги смирува односите со ЕВН! Очигледно е декаод овие што ни светнуваат може да ни се стемни.

Вранишковски сакаше во Македонија да си направи ООЗТ на српската православна црква! Неговите напори не вродија со плод, ама барем виде дека во нашите институции се почитува религијата. Во МВР си го виде Господ!

**Сотир МАЗГАЛОВСКИ**



Горан ЌЕЛИЧАНИН



# ДЕНОВИ ЛИ СЕ ДЕНОВИ

**Миле ЃОРЃИЈОСКИ**

**Камен на камен**
Ги молам политичарите да олабават малку со поставувањето на камен темелници. Како што тргнала работата, не е далеку денот кога нема да остане камен на камен.

**Цунами**
Крајно време е да се забрза градењето на спортски Сали. Ќе треба некаде да се сместат погодените од економското цунами.

**Контрола**
Велат дека кризата во Македонија е под контрола. Точно. Никој не смее да каже дека сме во криза.

**Каење**
По одлуката на Уставниот суд многу брачни парови што работе на трето дете не знаат што понатам. Почнаа да се каат за стореното. Што е тука, тука е. После ебаање нема каење.

**Болест**
Во ек на предизборната кампања газдата на „Тинекс" беше во посета на болница. Тодоровиќ не беше задржан во болница затоа што на болните за власт никој не може да им помогне.

**Друштво**
Веднаш по посетата на Македонија на премиерот Тополаник му падна владата. Така е тоа, некои народи строго внимаваат со кого им се дружат народните избраници.

**Народна полиција**
Жителите на некои села се жалат дека Алфите не само што ги терале да гласаат туку им кажувале за кого да гласаат. Така и треба да прави полицијата кога им ги чита мислите на народот.

**Запоставени на Охрид**
Некои жители се жалат дека одредени министри оделе од куќа на куќа агитирајќи за кого да гласаат. Подобро од куќа на куќа одколку граѓаните кои нема да бидат посетени да се чувствуваат запоставени од власта.

**Хунта**
Крајно време е партиите да олабават со вработувањето на партиски војници. Македонија почна да личи на воена Хунта.

**Дефицит**
Среќа што кампањата за изборите траеше кратко. Како што започнавме со камен темелници ќе мораше да се направи ургентен увоз на камен темелници.

# КОСКА ВО УСТА

Смртоносен политикански грип
меѓу политичарите,
однесе многу жртви меѓу народот.

Ако сакате да бидете промашен случај,
заљубете се во себе.

Животните јадат трева,
човекот напреднал – ја пуши!

Ако сте промашен тип,
сигурно некогаш сте биле мета.

Што ќе ни се деца кога си имаме кучиња
и се сакаме самите себе?!

Граматички скоро во сите изрази
го користиме – минато изгубено време.

Откако се намножија Дракула-циите,
повеќето од народот остана без крв.

Не се сите луѓе расипани,
има и црвјосани.

Не се пишува светла иднина
со црни хроники.

**Костадин УСТАПЕТРОВ**

# МОЗОЧНА КАЛДРМА

Затворете ја устата!
На народот му кркорат цревата.

Оние што прават Бајрам
со паметот не одат на Курбан.

Знаеме од каде смрдат работите.
Ни го свртеа грбот.

Си го имаат крстот на челото.
Се крстиме поради нив.

На слепците сите им земаат мерка од око.

Полтронот и кога го држат вскут -
живее во облаци.

На земја не газат. Затоа и кантар не ги мери!

Не вртат нов лист.
Се плашат да не ги прочитаме.

Се е подмачкано. Затоа и се чкрипи.

Сметаат на народот. Бројат на прсти.

Не знаат од каде смрди.
Затоа и ни го лижат задникот.

**Наташа ЃОРЃИЈОСКА**




Дарко ДРЉЕВИЌ

# НЕМАМ ДОСИЕ! ME СЛЕДЕА НЕПИСМЕНИ.

**Вељко РАЈКОВИЌ**




ОЈЛЕНШПИГЕЛ

# ДА ЈА ОЧИСТИМЕ СРБИЈА

Златната рипка не ни
исполни ниедна желба.
Можеби затоа што
ја уловивме со динамит.

Од сега контејнерите ќе бидат
обележани по нас: за пластика,
за стакло, за пензионери...

Не знам што гледаат туристите
во Грција кога нашите рушевини
се многу посвежи.

Сега пиеме свежа и студена
вода од селскиот поток,
бидејќи се договоривме во
него да фрламе само фрижидери.

**Милан ТОДОРОВ**

# ИВАНИЗМИ

Љубовџијата уште како дете
од две мајки цицал!

Една потковица е среќа,
а од две па нагоре
веќе е подготовка за товарење!

Можеби е чудно, но единствено
ајкулите и свињите немаат холестерол!

Од фазата на електрификација
преминавме во фазата на
исклучувања заради неплаќања!

На трговците со брашно,
повеќе им се белее
дури и од мелничарите!

Некои немаат нити скапан денар,
туку само девизи во странски банки!

Знаењето излезе дека е сила и моќ,
најмногу за професорите - тезгаџии!

Во тоталитарните режими
предизборната трка трае - цел живот!

Најтешко се гаси љубовниот оган
помеѓу пожарникар - пожарникарка!

За корка леб човек е спремен
и пред публика да врши - нужда!

**Иван РУСЈАКОВ**

# СТАМЕНИЗМИ

Апсурд: тутунот е нашето жолто злато,
а пушењето е штетно по здравјето.

Од дведецениското млатење
празна слама, на повидок ни е зрнце! –
Северна Македонија.

И во задгробниот живот
тие ќе ни бидат – гробари.

Кај нас проститутките се загрозени.
Работните места им ги узурпираат –
политичарите.

На некои политичари од соседството
може да им позавиди и Хитлер.

ЕУ ни е мајка, НАТО ни е татко,
а ние сме сирачиња.

Откако видоа аир од левата рака
и десната ја прогласија за лева.

Тие што ми судеа за демократија,
сега сакаат да ми предаваат
демократија.

Демократијата е чудна работа.
Тие ја „градат", а таа ги разградува.

Многумина силни демократи
завршуваат како (нај)силни тутори.

**Стамен ГЕОРГИЕВСКИ**

## САТИРИЧНИ ПРИКАЗНИ

### БЕЗ ШЕЌЕР

Зеде лажичка шеќер, ама се предомисли. Шеќерот е скап а тој мора да штеди. Веќе три месеци пие кафе без шеќер и пуши две цигари помалку. Дури и супата не ја досолува. А после некои се прашуваат од каде му се толкави џипови.

### ОВАКОВ

Крадците ми симнуваат капа, ама при тоа чврсто ја држат - се плашат да не им ја украдам. Лажговците не се обидуваат да ме лажат, а дволичните ја носат мојата слика. Превртливците ми завидуваат, денес вака - утре онака, криминалците ме избегнуваат затоа што секој пат гадно ги насамарувам. Убијците се восхитуваат на мојата ладнокрвност, полтроните мечтаат за мојата свитливост. Садистите ја величаат мојата суровост. Зарем е чудно што во политиката направив ваква молневита кариера!

**Ѓорѓе ОТАШЕВИЌ**



**Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ**

**ПАДНАА ЗА ТАТКОВИНАТА... ВО НАЦИОНАЛИСТИЧКИ ТРАНС.**

**Ванчо ПОЛАЗАРЕВСКИ**

# МУЗИКА ЗА ГЛУВИ



**ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ**

Народот покажува завидно
незнаење!
Не знае каде му е главата.

Тоа што сме лакоми
и што ни зина газот,
само е добар предуслов за
инвестирање на странски капитал.

Големите политичари никогаш
не користат тоалетна хартија.
Секогаш некој им го лиже задникот.

Нашата политика не доведе до тука.
За понатака – ќе ни требаат крила.

Под итно да се забрани
детската порнографија.
Општат со нас како со мали деца.

Дојдоа и моите пет минута.
Конечно слободен кенеф.

Кај нас смртната казна се изведува
уште за време на животот.

Неколку дена ќе бидам на диета.
Контејнерите ги однесоа
на поправка.

Можеби мојата земја е ситна риба,
ама сомови имаме во изобилие.

# ГОЛА ВИСТИНА



**АЛЕКСАНДАР ЧОТРИЌ**

Постојат две Србии.
Нашата држава по тоа
е единствена во светот.

Потполно се разликува од другите.
По тоа е тој типичен Србин.

Србите се најдобар српски бренд.
Најдобро и најлесно се продаваат.

Тоа што не не убива, тоа не јакне.
Па ние го убиваме него.

Не е во нашата традиција
Да мислиме на иднината.

Кај нас се знае кој што
треба да работи.
Ама никој тоа не го работи.

Нашите политичари
не тргнуваат од себе
Бидејќи мора да се спуштат на дното.

Во комунизмот најлошите
ги узурпираа функциите.
Во демократијата на тие места
ги избира народот.

Откога дознав дека милицијата
прислушкува зборувам погласно.
Да не им бидам сомнителен.

# НИЗ ИГЛЕНИ УШИ



**МИЛЕ ЃОРЃИЈОСКИ**

Бевме на местото на злосторството.
Гласавме.

Знам кој ни подметна јајца.
Оние што кукаат.

Што дека сме музикална нација
кога не ни е до песна?!

После гласање нема каење.

Во политиката коњите
се обложуваат на народот.

На надуените сите им се трн
во очите.

Ги започнаа
демократските промени.
Дадоа царство за коњ.

Не ќе ја спуштата топката
Оние што на земја не газат.

Има нос за политика.
Знае кога да го затне.

Ги држат криминалците на око.
Им намигнуваат.

Тргнавме боси од оние што
не ги вадат чорапите од глава.






# ДЕМОКРАТИЈАДА



## АЛЕКСАНДАР БАЉАК

Потсопнатиот политичар секогаш паѓа на намачканата страна.

Судејќи според големината на нивните споменици, тоа не беа нормални луѓе.

Какви се тоа интелектуалци кога само шетаат во круг?!

Секоја власт е од Господ, само нашата е плач на Мајката Божја.

Не сме ние одговорни за одлуките кои ги донесувавме без наше знаење.

Не е расипан оној кој ја има власта, расипан е оној кој ја посакува.

Одливот на мозоци не ги загрижува политичарите. Тие одамна рекоа збогум на умот!

При поделба на пленот завршија лавовски дел од работата.

На народот скоро сѐ му оттргнаа, а народот доста и поврати.

Тоа е добар говорник. Не пушти штом заврши.

# МИСЛИ БЕЗ ПРОТОКОЛ

## ИВАН КАРАДАК

Единственото подземје во Македонија кое одвај врзува крај со крај, се - рударите!

Најмногу нерешливи проблеми ни оставија тие што си ги решија сите проблеми!

Ништо не се штетите од полските глувци, наспроти оние што ни ги направија - канцелариските!

Доста ни ветувате задгробен живот! Сакаме да видиме како изгледа -предгробниот!

Политичарите на своите бирачи ќе им донесат среќа тогаш, кога поповите на своите верници ќе им донесат - бесмртност!

Најголем надворешен непријател на Македонија и е - внатрешниот непријател!

Од памтивек од Македонија најмногу се извезувале - Македонци!

Кирил и Методиј се најмалку виновни што кај нас има - безгласни букви!

Од многу индига не можеме да видиме што ни се - пишува!

# СТРАДАЊЕ ВО ЦИКЛУСИ

## ВЕСНА ДЕНЧИЌ

Незнаен јунак не може да биде секој.

Од народот кој е подготвен на жртви, се очекува да даде конкретни докази.

Само најсилните опстануваат. Ниту цивилизацијата не може да го запре природниот тек.

Бришаниот простор го искористивме да не снема.

Не ги изгубивме сите битки. Има преживеани.

Од секоја трагедија извлекуваме корист. Секогаш некој преживува!

Да не паднеа за слободата, ќе настрадаа од комшијата.

Се намножија патриотите. Човек не може жив да остане.

Ни требаа студени глави, ама телото не издржа.

Дрина не може да се исправи, ама наше е да се обидеме.

Спаднавме на два ентитети: Содома и Гомора.





# ПРОМЕНА НА ВЛАДАТА СКАПО ЌЕ ГО ЧИНИ НАРОДОТ! ВЕСЕЛБАТА СО ЈАДЕЊЕ И ПИЕЊЕ НЕКОЈ ТРЕБА ДА ЈА ПЛАТИ.

**Васил ТОЛЕВСКИ**

## АРИТМИЈА

Јуда бил скромен!
Се поткупил за сребреник!

Да беше добро во Рајот,
Ева и Адам уште ќе беа таму!

Лош советник е со лошо искуство!

Камелеони, не бивајте егоисти!
Од бојата оставете и за човекот!

Кај нас нема луди крави!
Полудеа воловите!

Опасен човек! Внимавај, каса!

Диктаторот сака да стави
сè под своја капа.
Ама, има луѓе и гологлави!

Се додека има вистина,
ќе има и лаги!

Политичките игри се како
и панаѓурските:
кој ќе натне, тој ќе затне!

Човекот е скелет на општеството!

**Ефтим ГАШЕВ**

## КРЛЕВИЗМИ

Жена ми е како владата.
Таа се задолжува, а јас отплаќам.

Жена ми преферира неготвена храна.
Не и се допаѓам како готвам.

Жена му е убедена дека знае кој е татко
на сите негови деца.

Жената дека сака треба да покаже.
Мажот треба и да каже и да покаже.

Жените се силни додека пијат кафе.
Мажите откако ќе ја испијат ракијата.

Ќе почека да и купам автомобил! Во салонот се интересираше само како се спуштаа седиштата.

Ако жената е стожерот, мажот не мора да е волот во семејството.

Ако не постои придавката – бајати, и возрасните дами би сакале да ги викаат риби.

**Атанас КРЛЕВСКИ**

# НА ТИЕ ШТО ИМ ГО СОЛАТ УМОТ, ИМ ГО ЗГОРЧУВААТ ЖИВОТОТ.

**Благоја СТАМАТОВСКИ**

## СМС – АФОРИЗМИ

**Илија МАРКОВИЌ**

Младина која има вакви водачи
не мора да се грижи за нивната
иднина.

Ако политиката ви боде очи,
користете заштитни средства
– бодликави презервативи.

Србите од секоја ситница прават
проблеми.
Дури и од сперматозоидите.

За сите катодни цевки
доволен е еден оружен лист.

Не прекрши министерот законот,
туку амандманите
и дополнувањата.

Не е време за промена на Уставот
туку на луѓето.

Националните интереси и
националните цели
се сечат под прав агол.

Власта почна со борба против
корупцијата
– продолжи со криминалот.

Владата одлепи а потоа
прилепи етикета – Не тумбај.

Кога е демократијата по вкус,
за вкусови не се расправа.

Светската криза е покритие
за домашната, свинскиот грип
- за свињариите од прва врста.

Не е оптички трик светлата иднина,
туку сјајното минато.

Првомајски проглас:
За безработните влезот е
забранет,
за невработените – излезот.

Ако ви е устата полна со
демократија,
вие имате проблем со варењето.



**Кети РАДЕВСКА**

# БАЛКАНСКА АФОРИСТИЧАРСКА РАПСОДИЈА

* Хрватска со десната нога е во Европа, а со левата - на Балканот.
* Не држеа на мраз се додека не се лизнавме и паднавме на дното.

**Иво Мијо АНДРИЌ**

* Непознати се патиштата Господови затоа што секој ѓавол може да те згази таму.

**Пламен ГЕОРГИЕВ**

* Иако во нашта земја врие како во лонец, контејнерите сеуште ни се празни.
* Многу тајни закопав, а некои и ги проголтав.

**Митар МИТРОВИЌ**

* Кога сфатија дека сé стои на малиот човек, почнаа да го натегаат.
* Во ова време сите партии се црвени - од срам.

**Јасим Мркаљ КАДМУС**

* Кај нас нема што нема, ама затоа има сешто.
* Се ограничивме - на ограничените.

**Пеко ЛАЛИЧИЌ**

* Граѓаните на Босна и Херцеговина сити се од сé. Подготвени се за долготраен пост.
* Со земјата владее подземјето. Тоа е долниот дом.

**Суно КОВАЧЕВИЌ**

* Босанска варијанта на Апокалипса
- три јавачи и куп гледачи.
* Ситуацијата е извонредна. Единствен проблем е што од сјајот не се гледа каде е излезот.

**Божо МАРИЌ**

* Се снаоѓа помеѓу едниот и другиот - ги молзе двајцата.
* Престанавме да бараме влакна во јајцето - јајцето се расипа.

**Абдурахман Халиловиќ АХИЛ**

* Умерените гласачи ги однесоа со себе и своите заблуди.
* Не пишувам повеќе сатира. Пишувам трагедија.

**Зоран МАТИЌ МАЗОС**

* Не одеше бадијала во училиште. Подоцна скапо не чинеше.

**Небојша БОРОВИНА**




МАЗОС

* Кога ќе свират узбуна - станете. Можеби тоа е нова химна.
* Погребната химна покојникот ја слуша во гробна тишина.

**Живојин ДЕНЧИЌ**

* Што вреди ако напредуваме ако други ни го проектираа патот.

**Живко ВУЈИЌ**

* Србите се вреден народ. Работат на своја рака, а ја гледаат и туѓата работа.

**Милан Ј. МИХАЈЛОВИЌ**



МАЗОС

* Кога виде дека кај Мујо е отворен дуќанот по него влезе Фата и ја замандали вратата.

**Грујо ЛЕРО**

* Партиите се договорија за преодна влада. Пак го прејдоа народот.

**Ненад ВУЧЕТИЌ**

* Кога се шпиуните на власт тогаш се апсат патриотите.
* Постигнат е компромис. Нас ќе не нема!
* Задачата извршена. Југославија повеќе ја нема.

**Горан КЉАЈИЌ**

* Задните карики во ланецот ги спојува катанец.
* Спомениците без постамент никнуваат од корен.

**Даница МАШИЌ**

* Нашето друштво е лошо, ама кафеаната е одлична.
* Ако сакаме да се навредуваме, и ти си пратеник.

**Ѓорѓе ЛАТИНОВИЌ**

* Небото е наш втор дом. Одамна сме како мртви.
* Станавме феномен. Затоа не држат под стаклено ѕвоно.

**Срѓан СИМЕУНОВИЌ СЕНДАН**

* Ќе победи и кај нас разумот. Штом ќе се исцрпат другите средства.
* Трошоците за закоп ја надминуваат вредноста на умрениот.
* Не е српски да се молчи, макар да тогаш сме најпаметни.

**Драган РАЈИЧИЌ**

* Тие луди, ние збунети - условите се исполнети.
* Позади власта стои народот.
Во редови за социјална помош.

**Радивоје Рале ДАМЈАНОВИЌ**

* Може ли една химна? Денес нешто не ми се дига.
* Свртете го грбот на глупостите. Потпрете се на Собранието.
* Овие во Собранието работата како луди, а ги избравме за најпаметни.

**Бојан БОГДАНОВИЌ**

# СЛОБОДА НА ИНФОРМИРАЊЕТО НА НАШ НАЧИН

За среќа доживеав полесна сообраќајна несреќа. Поточно, ми пукна гумата на веќе одамна остарениот автомобил и притоа се најдов на тротоарот, прилепувајќи се до столбот за улично осветлување. И сè ќе беше во нормала, додека не се вратив дома. Поради малите оштетувања на мојот автомобил решив веднаш да не им кажувам за несреќата на моите домашни за да не ги вадам без потреба од памет. Но, како што вели народната, ете ти Маро несреќа. Пуштив телевизија, а таму јас и мојот автомобил во снимена сторија. Една млада новинарка веќе ја предеше нејзината "точна"верзија:

- Драги гледачи, додека се враќавме од настанот што пред малку го емитувавме, по пат снимивме една сообраќајка со потешки последици. Како што нè информираа случајните минувачи во автомобилот што го гледате имало двајца: едно постаро лице и една девојка, која иако повредена веднаш избегала од местото на несреќата. Како што сме информирани постарото лице е веднаш пренесено во болница, а за последиците по неговиот живот ќе ве информираме во нашите наредни вести!

Џабе им објаснував на домашните дека не ми се случи ништо и дека сум жив и здрав. А особено тешко ми беше да објаснам дека во мојот автомобил не сум возел никаква млада девојка. Меѓутоа, најтешко од сè ми беше да објаснам зошто сум криел дека сум ја возел "љубовницата" па дури и по цена на мојот и нејзиниот живот.

Така излезе дека заради принципите на "точноста" и "слободата" на информирањето на наш начин дојде во прашање мојот углед, па дури и животот. Затоа решив со цврсти аргументи да се одбранам од бомбардирањето со неточни информации. Објаснував дека како прво автомобилот ми е многу малку оштетен. Исто така се трудев да објаснам дека досега сум бил добар и угледен сопруг и родител, па затоа нема потреба сега под старост да се правам пубертетлија. Но, сè беше навистина џабе.

- Ти не кажа на време дека си се исчукал, а сега е веќе доцна! Против телевизијата немаш можности да се бориш! - ми објаснија сите од моето семејство.

Се предадов, па оставив времето да си го каже своето. Да се види кој бил во право јас или пак нашиот начин на изразување на слободата во информирањето. Ако ништо друго ќе станам уште една жртва на овие секојдневни промени, се надевам, за - поарно на сите. **Иван РУСЈАКОВ**

## ДЕЛАНКИ

Запознав еден безличен тип.
Има маркантни црти!

Испадна чесен! Призна дека е лажго.

Малку вреди оправданата цел,
кога нема доволно средства!

Сите предавници не се исти.
Некои се со педигре.

Бог ми дарил здрав разум,
затоа сум атеист!

Мафија! Како тоа звучи нашински.

Во последните возови има
најмногу слепи патници.

Мерејќи го нашиот труд
ни зедоа мерка.

Од зборови прејдоа на дела.
Пишуваат пароли!

**Димитри ЛЕШНИКОВСКИ**

**Јордан ПОП ИЛИЕВ**



## АНТИКА

- Веруваш ли дека пратеникот Љубисав Иванов е антички Македонец?
- А колку години има господинот Иванов?!

**Ѓ. М.**

## СО ПАЃАЊЕТО ЧОВЕК УЧИ КАКО ПОВТОРНО ДА СЕ ИСКАЧУВА.

**Благоја СТАМАТОВСКИ**

## НАЈМНОГУ ПРОМАШЕНИ МЕТЕОРОЛОЗИ ИМА МЕЃУ ПОЛИТИЧАРИТЕ.

**Миле ЃОРЃИЈОСКИ**

## УШТЕ Е ТОПОЛ. СЕ КРЕНА ОД ПЕПЕЛОТ.

**Миќа ТУМАРИЌ**

# НА БОШ

Сѐ додека некои народи ги водат малоумници, балканот ќе биде огромна...лудница!

Балканот е единствениот полуостров на кој страдаат цели народи.

Кај што владее диктатура и исхраната на народот е под режим.

Меѓу добро информираните има најмногу што шират дезинформации.

Додека сиромашните со носталгија се сеќаваат на работните акции, богатите, купуваат... акции.

Разликата меѓу спортистите и политичарите е таа што додека првите играат, другите...изигруваат!

Откако го тргнаа од центарот, не е веќе мета!

Некои штрајкови со глад бргу завршуваат, бидејќи штрајкувачите добиваат... порција!

И на политичката сцена во главните улоги играат оние што знаат да глумат.

Многу работи не тргнуваат од место, поради оние што не може ништо да ги помести.

Онаму каде што владее колективно лудило, паметниот поединец го сметаат за обичен лудак.

**Бошко Перински**




Јордан ПОП-ИЛИЕВ



Миро ГЕОРГИЕВСКИ

# ДОСКОКНУВАЊА

Јавната потрошувачка е најголемата тајна на власта.

Што вреди што ни го укинаа визниот режим кога нема каде да одиме?

Кројачите на нашта судбина имаат полни раце работа.

Пресечена е панделката. Демократијата може да влезе.

Се помешаа жолтите и црвените. Затоа на народот црно му се пишува.

**Раде ГЕРГОВИЌ**

# Е-КРЕМ

**Екрем МАЦИЌ**

Благодарение на Хаг, дефицитот ни е во пораст.

Предизборно ветување: Ниту еден сиромав нема да биде сам!

Продавам чесност. Скоро неупотребувана.

# МАКЕДОНИЈА Е КАКО ДИЗНИЛЕНД. ТУКА СИТЕ ДОАЃАТ ЗА ДА СЕ ИЗНАИГРААТ.

**Васил ТОЛЕВСКИ**

## БОЈАН БОГ ДАЛ

Пратеничките примања навистина се високи, ама ни тие немаат сè. Немаат ни срам ни перде.

Конечно за премиер ќе дојде силен човек. Само да ги испере алиштата и садовите.

Не само што ја промени својата политичка програма, туку го промени и режимот.

Сега е јасно дека на тендерот за пополнување на Собранието победи Калигула.

**Бојан БОГДАНОВИЌ**



**Јордан ПОП ИЛИЕВ**

## АФОГРАН

Ако брзате пополека целта нема никогаш да ја промашите.

Светлите мигови на ноќта згаснуваат со првите зраци на утрото.

**Ѓорги ПАНОВ**

# ОД СИТЕ КНИГИ НАЈТЕЖОК ЗА ЧИТАЊЕ Е - БУКВАРОТ.

**Иван РУСЈАКОВ**

# НЕМА СЛАВА БЕЗ СВЕЌИ И ПЧЕНИЦА.

**Ефтим ГАШЕВ**



**Горан ЌЕЛИЧАНИН**

## ПЕЦКАЊА ОД БОСНА

Сигурни сме дека БиХ за десет години ќе биде членка на ЕУ! Ќе биде ама со ампутирани екстремитети, пардон ентитети.

Велат дека модерна власт е онаа која го слуша срцето на народот. Оваа денешна не само што слуша туку и го вади.

Иднината на БиХ ја гледам во грав. И каква е? Сварена.

**Сабахудин ХАЏИАЛИЌ**

## БОСИ ПО ТРЊЕ

На почетокот крадеа со лопати. Сега воведоа ДДВ.

Не цицавме весла. Нашите лаѓи одамна потонаа.

Останете тука! Јас побегнав во Германија.

**Ѓорѓе ЛАТИНОВИЌ**



## WEB- СТРАНИЦИ ЗА СОРАБОТНИЦИТЕ

**За сите оние кои сакаат да соработуваат на полето на хуморот, сатирата и карикатурата, МАКЕДОНСКИ ОСТЕН им ги препорачува:**

***ЕТНА*** www.aforizmi.org/etna
(Весна Денчиќ) etna@dencic.com

***НОСОРОГ*** www.nosorog.rs.sr
(Горан Кљајиќ) nosorog@blic.net

***ЖИКИШОН*** www.zikison.net
(Зоран Матиќ-Мазос) zikison@zikison.net

***ПОЛИТИКА*** www.politika.co.yu
(Драгутин Миниќ Карло)
redakcija@politika.co.yu



**МАКЕДОНСКИ ОСТЕН**

*Издавач:*
Здружение на хумористи и сатиричари „ОСТЕНОВИ“

*Главен и одговорен уредник:*
Васил ТОЛЕВСКИ

*Редакција:*
Миле ЃОРЃИЈОСКИ
Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ
Јордан ПОП ИЛИЕВ
Никола СИМОВСКИ

Графички уредник:
Бојан СИМОВСКИ

Адреса на редакцијата:
ул. Знеполе бр. 16, 1060-Скопје
e-mail: makedonskiosten@yahoo.com

Ракописите и карикатурите не се враќаат.

# ЕПИДРАМИ

**Ристо ФИЛЧЕВСКИ**

**КУРС**

Народната банка денарот го брани,
со финансиски инфузии таа го храни.
Но кај народот го нема в џеб,
не стасува некаде ни за леб.

НИМИЦ

Голем политичар си, Нимиц ти е име.
Со нас и со Грците си лете и зиме.
Какво ли ќе ни предложиш име,
на нашето Македонија - презиме?!

# ОФ ЈАНО

И кога го чепкаш носот
мора да веруваш во
смислата на својата работа.

Живејте така да секогаш
можете да се погледнете
во огледалото.

Популистот лаже
поради слава и моќ.

Ние комунистите плукаме
на нас будалите.

Што е срцето попразно,
тоа троши повеќе туѓа крв.

**Томаш ЈАНОВИЌ - Словачка**

# ЈОВО НА НОВО

Водачот влезе во секоја наша куќа
и изнесе сѐ што можеше.

Тоа што го прави владата не пие вода.
Затоа ни е до грло.

Водачот е човек со широки раце.
Кај тој ќе зафати, не останува ништо.

Им помогнавме на поплавените
подрачја со луѓе.
Им пративме уште давеници.

Диктаторот на издишување
на народот му вдишува нов живот.

**Јово НИКОЛИЌ**

**Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ**



# ЕДИНСТВЕНО НА БАЛКАНОТ НЕ Е СРАМОТА ДА СИ БАЛКАНЕЦ

**Зоран МИХАЈЛОВ**




# ПО 37 ПАТ СВЕТСКА ГАЛЕРИЈА НА КАРИКАТУРИ

После пауза од три години, со учество на карикатуристи од 40 земји, беше отворена 37. Светска галерија на карикатури. Светската галерија на карикатури е основана во 1969 година, во знак на благодарност на светот, кој помогна во обновата на Скопје, после катастрофалниот земјотрес што ја зафати нашата престолнина.

Меѓународното жири ги донесе следните одлуки:

**Гран При:** Роберт Дандаров (САД).

**Прва награда:** Мирослав Георгиевски Миро (Македонија).

**Втора награда:** Бретислав Коварик (Чешка).

**Трета награда:** Румен Драгостинов ( Бугарија).

**Специјални награди:** Октај Бингол (Турција), Горан Дивац (Србија), Панде Петровски (Македонија), Муса Гумус (Турција), Сејран Каферли (Азејберџан).

Претседател на меѓународното жири беше Дарко Марковиќ.

37 Светска галерија на карикатури ја организира ОСТЕН а се одржа во Галеријата на ОСТЕН во Скопје. Директор на галеријата е Мице Јанкуловски.

## ПОСЛЕ СОСТАНОКОТ НА „ДРУШТВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ“, ОТИДОА НА СКАРА!

**Атанас КРЛЕВСКИ**

# ВРАЌАЊЕ НА ВИНИЧКИОТ ФЕСТИВАЛ

Во преполнетата сала Тошо Арсов во Виница, беше отворен фестивалот за хумор и сатира IN VINICA VERITAS. Фестивалот кој пред дваесетина години беше најавуван како претендент за најголем фестивал на хуморот и сатирата на Балканот, со ова беше повторно возобновен.

Фестивалот се отвори со изложба на карикатури на Дарко Марковиќ и проекција на анимирани филмови каде главен јунак е неговиот и наш Пецко. За прв пат беше прикажан и анимираниот филм ФАСАДА.

Фестивалот се возобнови со помош на општината Виница и фондацијата Рамковски, а ја отвори Георги Барбаровски, претседател на фондацијата.

Се надеваме дека овој фестивал ќе стане традиционален и пред се натпреварувачки во категории на карикатури и пишана форма.







## ПРВОТ ЗНАК ДЕКА СТЕ ПОТОНАЛЕ Е АКО СИТЕ ОКОЛУ ВАС МОЛЧАТ КАКО РИБИ.

**Васил ТОЛЕВСКИ**